## „НОЕМВРИ – МЕСЕЦ НА НАУКАТА 2017“ – ИНСТИТУТ ЗА ХЕМИЈА, КООРДИНАТОР: СОЈУЗ НА ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Оваа година по втор пат се одржа манифестацијата „Ноември – месец на науката“. Координатор на активноста беше Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, а во организацијата беа вклучени Македонското биолошко друштво, Друштвото на физичарите на Р. Македонија, Македонското географско друштво, Македонското астрономско друштво, Скопското астрономско друштво, Македонското еколошко друштво, Истражувачкото друштво на студенти биолози и Природно-математичкиот факултет. Настанот оваа година се одржа на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а во програмата имаше научно-популарни предавања на интересни теми од природни науки и математика, изведување демонстрации од страна на ученици, работилници од природни науки и математика, како и презентации од наставници со цел меѓусебна размена на искуства и идеи за успешна реализација на наставата.

Манифестацијата се одржа во текот на три викенди во ноември, при што учениците беа поделени според возраста: 11 ноември – ученици од I-VI одд., 18 ноември – ученици од VII и VIII одд., 19 ноември – ученици од IX одд., 25 ноември – ученици од I и II год. и 26 ноември – ученици од III и IV год. Програмата и активностите беа направени соодветно на тоа и сите информации за настанот се дадени на: http://sctm.mk/noemvri-mesec-na-naukata-2017.htm. На настанот учествуваа речиси илјада ученици и двестотини наставници од основните и средните училишта во Македонија. Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, како домаќин, ги отвори своите предавални и лаборатории и овој простор се покажа како сосема соодветен за сите активности, од големиот хемиски амфитеатар и предавалните, до пространите холови на трите ката идеални за изложба на демонстрации, па сè до лабораториите со сите потребни услови за изведување на експерименти.

На манифестацијата беа застапени активности од областа на биологија, физика, хемија, географија и математика за да се поттикне интересот на учениците кон овие науки преку изведување на експерименти и демонстрации, да се развијат вештини за експериментирање и толкување на резултатите и донесување на заклучоци. Беа изведени 180 демонстрации од хемија, 120 демонстрации од физика, 90 демонстрации од биологија, 23 демонстрации од математика, 16 демонстрации од географија и 82 демонстрации од природни науки, а учениците проследија и 20 научно-популарни предавања од сите области на природните науки и математика, како и работилници од природни науки (биологија, физика и хемија) и математика.

Најуспешните експериментатори добија дипломи за прво, второ и трето место и пригодни награди кои ги додели координаторот на настанот, Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, со поддршка на Експлорариум, Анхоч и издавачките куќи Тримакс, Топер и Просветно дело, кои обезбедија голем дел од наградите.

Во реализацијата на настанот беа активно вклучени претставници од сите друштва и наставниците и соработниците од сите институти на Природно-математичкиот факултет. Се планира овој настан да прерасне во традиционален, а координатор за следната година е Македонското биолошко друштво.

Марина Стефова

Марина Стојановска